# ПРЕДГОВОР НА УРЕДНИКОТ

Почитувани читатели,

Филозофскиот факултет од Скопје го прославува своето 95 годишно постоење во оваа тековна година. Овој број и претходниот број претставуваат можност редакцијата да се заблагодари за континуираната финансиска поддршка која пристигнува од деканската гарнитура. Понатаму, во оваа пригода би сакале да им се заблагодариме на сите членови од редакцискиот одбор, рецензентите, техничкиот секретар и другите соработници набројани на втората страница од корицата, кои учествуваа во подготвувањето на оваа ревија. Од друга страна, постојаното зголемување на бројот на индексации на списанието и бројот на посети на веб страницата претставуваат можност за поширока афирмација на Филозофскиот факултет од Скопје.

Во вториот број за 2015 година читателите ќе имаат можност да прочитаат научни анализи за современи безбедносни настани во Република Македонија, во Западен Балкан и во регионот на Југоисточна Европа. Извонредна студија ни нуди трудот "Концептот на човековата безбедност како аналитичка рамка за определување на меѓународната позиција на малите држави", каде авторите сметаат дека седум-димензионалниот модел на концептот на човекова безбедност може да придонесе за квалитетот на анализата на внатрешно ситуациско влијание на меѓународната позиција на националните држави. Вториот труд ја истражува можноста да се употреби парадигмата на човекова безбедност (human security) како концепт кој ќе служи како основа за нова регионална иницијатива за регионот на Западен Балкан. Во оваа насока, а имајќи ги предвид специфичностите на регионот, авторот смета дека е можно да се искористат постојните концепти и да се отпочне оваа иницијатива, преку позитивно делување на идикаторите кои ја детерминираат вредноста на Индексот на човекова Безбедност (Human Security Index). Следниот труд е фокусиран на Црна Гора, предизвиците и перспективите за членство во НАТО. Авторот ја опишува надворешната политичка агенда на Црна Гора од возобновувањето на независноста која се движи во насока на европските и евро-атлантските интеграции. Преку компаративна анализа во следниот труд, авторите препознаваат дека секоја земја има различен пристап кон процената на трошоците и придобивките на мерките за

смирување на сообраќајот и пристап до методите на нивното вградување во урбаните средини. Од резултатите добиени од истражувањето за инсталација на сообраќајни препреки во развиените земји и во Република Македонија, беа предложени мерки и анализирани искуствата за тоа како да се подобри или да се зголеми безбедноста преку сообраќајни мерки за смирување. Во петтиот труд во ова издание, е истакната улогата на медиумите во сите видови на катастрофи особено во природна катастрофа. Во трката за зголемување на својата публика, својата гледаност и популарност авторот забележува дека медиумите во одредени ситуации ја преземаат улогата на истражувачи и конструираат сопствена „вистина", наспроти реалноста. Следниот труд е обид да се прикаже една од современите форми на невоена и асиметрична закана-организираниот криминал, со посебен фокус на причините и условите за негов развој во регионот на Југоисточна Европа. Со портретира како организираниот криминал влијае на безбедноста на граѓаните и државите, негативните импликации врз нивната безбедност, како и презентација на методите и мерките за негово спречување. И на крај, читателската публика на ,,Безбедносни дијалози''ќе може да прочита труд во кој е даден преглед на заштита за одредени категории на лица во меѓународни и внатрешни вооружени конфликти.

Со почит,
Доц. д-р Тања Милошевска
Главен и одговорен уредник

PREFACE BY EDITOR

Dear Readers,

Faculty of Philosophy in Skopje celebrates its 95 years of existence in this current year. This issue and the previous issue is an opportunity editorial staff to express gratitude for the continued financial support that comes from Dean Department. Furthermore, in this occasion, we would like to thank all members of the editorial board, reviewers, technical secretary and other collaborators listed on the second page of the cover, which participated in the preparation of this issue. On the other hand, the constant increase in the indexation of the journal and the number of visits to the website creates an opportunity for greater promotion of the Faculty of Philosophy in Skopje.

In the second issue for 2015 readers will be able to read scientific analyzes of contemporary security dealings in Macedonia, in Western Balkan and Southeast Europe Region. Remarkable study offers us a paper "Concept of human security as an analytical framework for determining the international position of a small state", where authors believe that the seven-dimensional model of the concept of human security can contribute to the quality of the analysis of internal situation impact on the international position of national states. The second paper tries to examine the possibility of using the human security paradigm as concept that would serve as basis of a new regional initiative in the Western Balkans region. In this sense, if the region's specificities are taken into account, author believes that is possible to build upon existing concepts, for example by positively affecting the indicators that determine the value of the Human Security Index. Next paper is focused on Montenegro challenges and perspectives for NATO membership. Author describes foreign policy agenda of Montenegro from the restoration of independence that was moving into direction of European and Euro-Atlantic integrations. In the comparative analysis in the next paper, authors recognize that each country has a different approach to the assessment of costs and benefits of traffic calming measures and access to the methods of their installation in urban areas. From the results received from the survey on the installation of traffic calming measures in developed countries and in the Republic of Macedonia, measures were proposed and taken from the experiences on how to improve or increase traffic safety through traffic calming measures. In the fifth paper in this edition, is highlighted media role in all kinds of disaster especially in natural disaster. In the race to increase its audience, ratings and popularity in certain situations,

author note that the media take over the role of investigators and construct own "truth" versus reality. Next paper is an effort to portray one of the contemporary forms of non-military and asymmetrical threats, organized crime, with special focus on the causes and the conditions for its development in the Southeast Europe region. It portraits how the organized crime affects the security of the citizens and states, meaning its negative implications on their safety, as well as presentation of the methods and measures for its prevention. As a closing point, the readership of "Security Dialogues", can read a paper that give an overview of protection enjoyed by specific categories of persons protected in international and non-international armed conflicts.

Sincerely,
Ass. Prof. Tanja Miloshevska
Editor in Chief